Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-664/1 од 01.02.2023 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости при спроведување на постапка за јавна набавка, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите од пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-664/1 од 01.02.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 01.02.2023 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости при спроведување на постапката за јавна набавка и оформен е предмет број 12-664/1 од 01.02.2023 година.

Во пријавата се изразува сомневање за незаконитости при спроведување на јавна набавка со оглас број --------------- за набавка на полимер за потребите на ПСОВ од страна на ------------------------------. Имено, во пријавата се укажува на неоправдано предвидување на четири неделиви ставки со цел ограничување на конкуренцијата иако станува збор за независни полимери од различни производители и со голема вредност кои доколку се предвидат во делива набавка ќе обезбедат поголема конкуренција. Дополнително се наведува дека конкуренцијата се ограничува преку барањето за авторизација од производител за конкретниот број на оглас. Исто така, се наведува дека најповолната понуда е со многу висока цена споредбено со други набавки од ваков карактер и со претходната набавка кај истиот договорен орган кога исто правно лице било избрано за носител на набавката. Во продолжение се посочува дека се фаворизира правното лице ------------------------------------------- за повеќе набавки кај договорниот орган каде се јавува или како единствен понудувач или единствен понудувач кој ги исполнува стриктно зададените критериуми.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија се обрати со барања за доставување на податоци и информации до ------------------------------------- и Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Од страна на ---------------------------------- е доставено известување во однос на спроведената јавна набавка и наводите од пријавата, како и документација од спроведената постапка. При тоа, јавната

набавка е реализирана согласно годишниот план за јавни набавки, а согласно записникот од јавното отворање на понудите во истата поднеле понуди четири понудувачи. За тројца од понудувачите било утврдено дека не ги исполнуваат условите од тендерската документација поради што по истекот на рокот за жалба е склучен договор со најповолниот понудувач. Во однос на техничката спецификација, наведено е дека истата е составена од четири ставки од полимери и не е поделена во делови од причина што станува збор за еден технолошки процес, додека техничката спецификација не е изработена според производителот туку се дадени карактеристики на производот што се бара согласно технологија во ПСОВ. При тоа се наведува дека во текот на постапката немало барања за оформување на предметот на набавка во делови од страна на економските оператори. Во однос на авторизацијата се наведува дека истата се бара затоа што станува збор за понудувачи кои се трговци, поради што е потребно производителот да даде изјава дека производот за конкретната набавка е негов. Во однос на наводите за високата цена на избраната најповолна понуда, во известувањето се наведува дека цената на овој понудувач е најниската цена од доставените понуди, видно и од документацијата доставена во прилог, а ДКСК констатира дека истата е во рамки на проценетата вредност на набавката утврдена со одлуката за јавна набавка. Во однос на набавката од 2021 година, се наведува дека цената не може да се споредува со оглед дека техничката спецификација е различна, додека во 2022 година значително се промениле и условите на пазарот во смисла на зголемување на цените. Во однос на наводите за фаворизирање на избраниот понудувач, во известувањето се наведува дека во текот на постапката не се доставени забелешки во однос на истата, а дополнително ДКСК констатира дека во постапката не е вложена жалба по ниту еден основ.

ДКСК се обрати до Комисијата за заштита на конкуренцијата со барање во рамките на своите законски надлежности да даде стручно мислење дали преку дефинирањето на барањето за „Авторизација од производителот за конкретната набавка" во тендерската документација за предметната јавна набавка е ограничена конкуренцијата на пазарот. Од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено мислење во кое меѓу останатото се наведува дека предметот на јавна набавка се однесува на материја за која е потребно посебно стручно познавање во областа на третманот односно пречистување на отпадните води, кое знаење го поседува ----------------------- како надлежна за вршење на оваа дејност. Во мислењето исто така се нагласува дека договорниот орган треба да ја подготви тендерската документација и условите/критериумите во истата врз основа на објективни критериуми при што треба да ја предвиди можноста за еднаков пристап и третман на економските оператори, а при тоа да води сметка да се обезбеди слободна конкуренција на пазарот, заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите од пријавата не се потврдени, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**